**Предлагач:** Градоначалник на Општина Берово

**Изработувач:** Одделение за комунални дејности и заштита на животна средина

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА ВО ОПШТИНА БЕРОВО СО ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА СЕЗОНА 2025 ГОДИНА

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен Весник на Република Македонија" бр.202/24), и член 16 став 1 точка 4, член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19 и 47/21), Советот на Општина Берово на 53-та седницата одржана на 28.11.2024 година донесе:

# П Р О Г Р А М А

## за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово со Оперативен план за сезона 2025 година

Согласно член 34 од Законот за јавните патишта („Сл. Весник на РМ" бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15 и 150/15), а врз основа на член 13 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата („Сл. Весник на РМ" бр. 169/15), член 2 од Законот за јавна чистота („Сл. Весник на РМ" бр. 111/08, 64/09, 86/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15 и 147/15), член 9 од Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08 и 114/09), и член 5 од Законот за управување со кризи („Сл. Весник на РМ" бр. 29/05, 36/11, 41/11 и 104/15), Советот на општината, на предлог на Градоначалникот донесува Програма за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово со Оперативен план за сезоната 2025 година.

Со оваа Програма за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово со Оперативен план за сезоната 2025 година се утврдуваат активностите за зимско одржување на локалните улици и патишта, односно работите за одржување на објектите на комуналната инфраструктура и тротоарите на подрачјето на општина Берово за сезоната 2025 година.

**ОПШТ ДЕЛ:**

Програма за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово со Оперативен план за сезоната 2025 година го предвидува обемот, динамиката и начинот на одржувањето на локалните улици и патишта во Берово и селските населби.

Програма за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово со Оперативен план за сезоната 2025 година ќе биде прилагодена на климатските и рељефните услови на територијата на општина Берово.

Програмата има цел да обезбеди активности за ефикасно планирање, организирање и функционирање на сите засегнати субјекти преку:

- Дефинирање на делокругот на работите и обврските на сите засегнати субјекти во зимското одржување на локалните улици и патишта;
- Определување на обемот на работите и нивото на чистењето на снегот и мразот од коловозните површини;

- Планирање на потребните финансиски средства.

Јавни патишта на територијата на општина Берово се локалните улици и патишта.

Работи на зимско одржување на локалните улици и патишта претставува:

- Чистење на снег и мраз од коловозот на локалните улици и патишта, објектите на комуналната инфраструктура и тротоарите во општината;

- Посипување на коловозот со индустриска сол или др. абразивни средства на осојничавите места, делниците од локалните улици и патишта со поголем наклон како и на др. места каде има веројатност од појава на мраз на коловозот;

- Посипување на коловозот со ризла на локалните улици и патишта за поголема безбедност на возилата и пешаците.

Работите на зимското одржување на локалните улици и патишта се изведува на начин кој има за цел да обезбеди постојана проодност на улиците и патиштата во зависност од утврдениот приоритет кој произлегува од категоризацијата и значењето на локалниот пат или улица за локалното население. По исклучок кога согласно на условите на терен, работите на зимското одржување на локалните улици и патишта, односно нивен дел, неможат да го обезбедат редовното одвивање на сообраќајот, општина Берово, привремено, делумно или целосно ќе го запре сообраќајот и ќе определи по кој алтернативен пат и под кои услови (ако е применливо) ќе се одвива сообраќајот. Воедно преку средствата за јавно информирање (веб страна на општина Берово, и др. облици на информирање Одделението за комунални работи и заштита на животната средина при општина Берово во рок од 48 часа ќе го информира населението за најавените промени на сообраќајот.

Ако заради снег, голомразица или други причини, сообраќајот на одредена локална улица или пат е отежнат или пак безбедноста во сообраќајот е значително загрозена, општина Берово во координација со институциите на локално ниво ќе превземе итни мерки за отстранување на пречките. Во случај ако тоа не е возможно да се направи и пречките по одвивањето на сообраќајот не можат целосно или во најголема мерка да се отстранат, општина Берово по претходна согласност од Министерството за транспорт и врски и координација со МВР-Сообраќајна полиција и Регионалниот центар за управување со кризи ќе го запре целиот сообраќај или само за одделни видови на возила.

Во случај кога прекинот на собраќајот на одредена локална улица или пат трае подолго од 2 часа, општина Берово ќе го информира населението преку средствата за јавно информирање.

Општина Берово во услови кога постојат околности кои можат да го загрозат безбедното одвивање на сообраќајот, со сообраќајни знаци и/или на друг начин ќе ги означи условите и режимот на сообраќајот на локалниот пат или улица.

Во случај на прекин на локална улица или пат поради елементарна непогода (снежна лавина, одрони од поголем обем, лизгање на земјиштето или др. причини),

општина Берово ќе постапи според соодветен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ:

Преку организационата поставеност се дефинираат работите и обврските на директните учесници во реализацијата на оваа Програма, односно на зимското одржување на локалните улици и патишта на територијата на општина Берово. Имено во зимското одржување на локалните улици и патишта на територијата на општина Берово учествуваат надлежните органи на локалната самоуправа со следните обврски:

- **Општина Берово;**
  - Изготвува Програма за зимско одржување на локални улици и патишта со Оперативен план;
  - Изготвува посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди;
  - Го организира зимското одржување на локалните улици и патишта;
  - Склучува Договори за спроведување на активностите предвидени со програмата;
  - Преку средствата за јавно информирање ја информира јавноста за обврските на субјектите задолжени за зимското одржување;
  - Го финансира зимско одржување на локални улици и патишта.

- **Совет на општина Берово;**
  - Донесува Програма за зимско одржување на локални улици и патишта со Оперативен план за општина Берово;
  - Донесува посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

- **Одделението за комунални работи и заштита на животната средина при општина Берово;**
  - Врши стручен надзор над чистењето на снег и мраз од коловозот на локалните улици и патишта, објектите на комуналната инфраструктура, тротоарите и др. и нивното посипување со индустрсика сол и/или песок;
  - Привремено, делумно или во целост го запира сообраќајот и утврдува по кој пат и под кои услови ќе се одвива сообраќајот во случаите кога целосно или во најголема мерка неможат да се отклонат последиците кои можат да имаат загрозувачко дејство по безбедноста во сообраќајот;
  - Го информира населението/корисници на локалниот пат или улица на која има промена во однос на сообраќајот за превземените мерки преку средствата за јавно информирање.
  - Превзема итни мерки за отстранување на пречките при отежнато одвивање на сообраќајот или при значителна загрозеност на безбедноста во сообраќајот или го запира сообраќајот на одредени делници од локалниот пат или улица или на нивен дел по претходно добиена согласност од надлежен орган.

- Ја известува јавноста преку средствата за јавно информирање за прекин на одвивањето на сообраќајот подолг од 2 часа.
- Постапува по планираните активности предвидени со посебниот план за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

➢ **Комунален инспектор;**
- Врши надзор и контрола на чистењето на јавните површини и објектите на комуналната инфраструктура.

➢ **Комунално претпријатие;**
- Обезбедуваат непречено извршување на редовните активности

➢ **Оператор со кој општината има склучено Договор за реализација на Програмата за зимско одржување на локални улици и патишта;**
- Ја реализира Програмата за за зимско одржување на локални улици и патишта;
- Врши набавка и складирање на абразивни средства (индустриска сол) и/или песок и се грижи за негова навремена употреба/расфрлање;
- Организира тимови за приправност со потребен алат и опрема и се грижи за исправност на механизацијата наменета за зимско одржување;
- Го расчистува снегот од коловозните површини;
- Депонира одредени количини на песок на критичните места и врши посипување со абразивни срества или песок на коловозните површини;
- Др. работи поврзани со непреченото извршување на зимското одржување на локалните улици и патишта (на пр. сечење и отстранување на паднати дрвја од коловозите и сл.).

Во зимското одржување на локалните улици и патишта учествуваат и други органи, институции, претпријатија и др.

➢ **Општински Совет за безбедност во сообраќајот на патиштата;**
- Организира и спроведува едукација за мерките и активностите за унапредување на сообраќајната култура, превентивни активности и безбедноста во патниот сообраќај.

➢ **Општински штаб за заштита и спасување;**
- Учествува во изработката на Програмата, учествува во следењето на нејзината имплементација и воопшто на севкупните состојби во зимскиот период заради навремено превземање на превентивни мерки за заштита и спасување, односно организација и спроведување на конкретни активности за обука, опремување и подготвеност на екипите од населените места кои ќе вршат чистење на снегот и посолување на коловозите.

➢ **Државен Инспекторат за патишта;**
- Врши надзор и контрола на мерките и активностите за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

➢ **Регионален Центар за управување со кризи;**

- Врши координација со органите на локалната самоуправа, врши нивно информирање за временската состојба (соработка со хидро – метеоролошка служба) и по потреба координира активности на регионално ниво и при поголеми загрозувања на безбедноста во сообраќајот и воопшто на безбедноста.

➢ **МВР – Сектор за сообраќајни работи;**

- Ги извршува работите од своја надлежност, информира, координира и содејствува во активностите на локално ниво.

➢ **Јавно претпријатие за државни патишта „Македонија пат„ подружница Берово**

- Јавното претпријатие нема обврска за чистење на локалните улици и патишта на територијата на општина Берово но сепак заради нивното одржување на регионалните патни правци и востановената долгогодишна соработка со локалната самоуправа на општина Берово во поглед на зимското одржување, при поголеми снежни врнежи делницата на локален пат Студенец - село Двориште, Регионален пат Берово – Виница до село Митрашинци и др. во одредени ситуации може да биде предмет на координација во поглед на нивното зимско одржување.

➢ **Градежна оператива**

- За видот и обемот на вклучувањето на механизација од претпријатија кои располагаат со соодветни возила кои можат да бидат вклучени во расчистувањето на снегот во исклучителни случаи одлучува општината по претходна консултација и барање од поседувачите на таква опрема во општина Берово

➢ **Институции на локално ниво, претпријатија, граѓани сопственици или корисници на делови од згради или згради/простории (продавници, ресторанти, кафе барови и сл.);**

- Го расчистуваат снегот и мразот од тротоарите и приодните места пред своите објекти.

➢ **Граѓаните, сопственици на индивидуални стамбени објекти;**

- Го расчистуваат снегот и мразот од тротоарите и приодните места пред своите објекти.

**ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА ВО ОПШТИНА БЕРОВО ЗА СЕЗОНА 2025 ГОД.**

**ОБЕМ НА ОДРЖУВАЊЕ:**

Обемот на одржувањето на локалните улици и патишта зависи од:

- Густината на населението;
- Фрекфенцијата на луѓе и моторни возила;
- Вид и број на инфраструктурни објекти;
- Коловозните површини на локалните улици во Берово предвидени за оспособување се со должина од **19.5** Км и нивното расчистување ќе се одвива по следниот приоритет:
    1. Сообраќајници по кои се одвива јавен превоз;
    2. Сообраќајници од посебно значење за функционирањето на градот Берово и општината, пристап до здравствени, образовни, управни, јавни и др. објекти и институции од важност за нормалното функционирање;
    3. Пристапни локални улици.
- Коловозните ленти како локални патишта во 8 селски населби, вклучувајќи ја и туристичката населба Абланица се **28** Км.
- Посипувањето со абразивни средства/песок при голомразица и во услови кога нема врнежи од снег ќе се врши по приоритет, на критични точки и по сообраќајниците по кои се врши јавен превоз.
- Обемот на коловозните површини предвидени за расчистување ќе се одвива според приоритетна листа;

**ПРИОРИТЕТНА ЛИСТА ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА ВО ОПШТИНА БЕРОВО:**

Зимското одржување на локалните улици и патишта ќе се врши со машинско расчистување на снегот од коловозните површини, посипување на абразивни средства/песок во случај на голомразица и во исклучителни случаи со рачно чистење на одредени делници/локации.

Според важноста на локалните улици и патишта, интензитетот на сообраќајот, местоположбата, поврзаноста и др. истите можат да се групираат во 2 (два) приоритетни групи за зимско одржување:

- **ПРВ ПРИОРИТЕТ:**

  **Во прв приоритет на локални улици и патишта спаѓаат сите улици во населените места кои овозможуваат влез, односно излез и редовна комуникација со виталните објекти и сообраќајници.**

1. Улица „Маршал Тито“ од полициска станица до центарот и од центарот до излезот, спој со „Моша Пијаде“
2. Улица „Партизанска“ од полициска станица до спој со „Борис Кидрич“
3. Улица „Задарска“ од спој со „23 Август“ до спој ул.„Партизанска“
4. Улица „Борис Кидрич“ од влезот до спој со „23 Август“
5. Улица „23 Август“ од центарот до раскрсница со „Гоце Делчев“
6. Улица „11 Октомври“ од раскрсница со „23 Август“ до спој со „Моша Пијаде“
7. Влез во село Русиново од Цердови воденици до центарот,од центарот до излезот према Владимирово и од центарот до основното училиште,
8. Влез на село Ратево од регионалниот пат Берово – Струмица до центарот на селото,
9. Влезот на село Двориште од Студенец до центарот на селото,
10. Влезот на село Митрашинци од регионалниот пат Берово – Виница до центарот на селото,
11. Влезот на село Будинарци од регионалниот пат Берово – Виница до центарот и од центарот до регионалниот пат Берово – Виница,
12. Влезот на село Мачево од регионалниот пат Берово – Виница до центарот на селото,
13. Локален пат Мачево – Владимирово,
14. Од центарот на Владимирово до излезот према Русиново, и од центарот на селото до излезот спрема месноста Премка,
15. Влезот на селото Смојмирово од регионалниот пат Берово – Виница до основното училиште и патот од училиштето до регионалниот пат Берово – Делчево.

- **ВТОР ПРИОРИТЕТ:**

  **Во втор приоритет на локални улици и патишта спаѓаат сите останати улици во населените места кои овозможуваат редовна комуникација со виталните објекти и сообраќајници.**

На деловите со подложен пад над 7% (критични места во зимски услови) во:

- Берово: Улици
  - „Даме Груев“
  - „Страшо Пинџур“
  - „Туристичка“
  - „Илинденска“
  - „Димитар Влахов“
  - „Вењко Влаховиќ“

- „Карпош“
- „Индустриска“
- „Бел Камен“
- „Јури Гагарин“
- „Балканска“
- „23 Август“ – висока зона
- „Ѓуро Ѓаковиќ“
- „Неретва“
- „Енгелсова“
- „Марксова“
- „5 та Улица“
- „Крушевска република“
- „Ѓорѓи Димитров“
- „Питу Гули“
- „Малешка“
- „Пионерска“
- „Првомајска“
- Локален пат „Абланица“ – од пат Берово – граница до црква св.Недела

По потреба и на други места во зависност од временските услови и моменталната состојба на коловозните површини, односно проценката на одговорните лица се депонира одредена количина на песок (1-2 $м^3$) која се разнесува со трактор со сеалка или рачно.

**ДИНАМИКА И НИВО НА ОДРЖУВАЊЕ**

Одржувањето на локалните улици и патишта, односно на коловозните површини се врши со ангажирање на:

- Механизација,
- Специјални машини и опрема,
- Работна сила и
- Средства (абразивни средства, песок и др.)

Оспособувањето на коловозните површини се врши во зависност од временските услови, односно се утврдуваат:

- **ПРВА СОСТОЈБА НА ГОТОВНОСТ: - присуство на голомразица и снежен нанос до 10 см.**

- **ВТОРА СОСТОЈБА НА ГОТОВНОСТ: - присуство на голомразица и снежен нанос над 10 см.**

Зимското одржување на коловозните површини го врши ЈПКР „Услуга“ Берово со кој општина Берово има потпишано Договор за зимско одржување.

Начинот на зимското одржување го определува операторот со кој општина Берово има потпишано Договор за зимско одржување почитувајќи ги приоритетите определени со оваа Програма како и во координација со општина Берово.

## МЕХАНИЗАЦИЈА, ОПРЕМА, МАТЕРИЈАЛИ И РАБОТНА СИЛА

Операторот со кој општина Берово има потпишано Договор за зимско одржување на локални улици и патишта во договорот ќе ги определи механизацијата, опремата, материјалите и работната сила која ќе биде на располагање во Прва, односно Втора состојба на готовност.

Ако состојбата на теренот има потреба, субјектот со кој општината има потпишано договор за зимско одржување во соработка и координација со општината ќе обезбеди и ангажира дополнителни ресурси (градежни машини и луѓе) заради давање на соодветен одговор во услови на подолготрајни врнење на снег и др. односно заради нормализирање на состојбите со безбедноста на сообраќајот во зимски услови.

## ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА И НАДЗОР

Извршувањето на Програмата за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово за сезона 2025 ќе го врши општина Берово преку склучување договор за зимско одржување со Оператор.

Надзорот врз извршувањето на Програмата за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово за сезона 2025 ќе го врши Одделението за комунални дејности и заштита на животната средина и комуналниот инспектор при општина Берово.

## ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Финансирањето на активностите предвидени со Програмата за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово за сезона 2025 ќе се врши со средства од Буџетот на општина Берово за 2025 година.

| Ред. Бр. | ПЛАНИРАНА АКТИВНОСТ | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Набавка на песок и абразивни материјали | Сезона 2025 | 250.000,00 | 250.000,00 |
| 2. | Ангажирање на трактор и сеалка | Сезона 2025 | 250.000,00 | 250.000,00 |
| 3. | Ангажирање на градежни машини | Сезона 2025 | 350.000,00 | 350.000,00 |
| 4. | Ангажирање на камион со специјален нож | Сезона 2025 | 350.000,00 | 350.000,00 |
| 5. | Непредвидени трошоци | Сезона 2025 | 50.000,00 | 50.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | / | **1.250.000,00 МКД** | **1.250.000,00 МКД** |

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот на општина Берово и Градоначалникот на Општина Берово, односно Одделението за комунални дејности и заштита на животната средина при општина Берово

Бр.09-3951/1
28.11.2024 година
Берово

СОВЕТ НА ОПШТИНА БЕРОВО
Претседател
Петар Ружински